РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
Бр. 24-5726/1
18-09-2015 20 год.
СКОПЈЕ

261/1

Друштво за трговија и услуги
СКОПСКИ ЛЕГУРИ МАЈНИНГ ДООЕЛ
Бр. 0307-0197
02-10- 2015 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 23 од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина –манган на локалитетот "Стогово", општина Дебарца, општина Кичево, општина Дебар и општина Струга бр. 24-74/29 од 18.06.2013 година, склучен помеѓу Владата на Република Македонија и Друштвото за трговија и услуги СКОПСКИ ЛЕГУРИ МАЈНИНГ ДООЕЛ Скопје и Заклучокот по точката 62 од 91-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 28.07.2015 година,

1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
застапувана од Министерот за економија
Bekim Neziri
(во натамошниот текст: Концедент)
и
2. Друштвото за трговија и услуги СКОПСКИ ЛЕГУРИ МАЈНИНГ ДООЕЛ Скопје, со адреса на бул. "16-та Македонска бригада" бр.18 Скопје, Република Македонија
застапувано од лицето Павло Доц
(во натамошниот текст: Концесионер)

на ден __________ 2015 година во Скопје, склучија:

## АНЕКС
## НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – МАНГАН НА ЛОКАЛИТЕТОТ "СТОГОВО", ОПШТИНА ДЕБАРЦА, ОПШТИНА КИЧЕВО, ОПШТИНА ДЕБАР И ОПШТИНА СТРУГА

### Член 1

Во Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – манган на локалитетот "Стогово", општина Дебарца, општина Кичево, општина Дебар и општина Струга бр. 24-74/29 од 18.06.2013 година, склучен помеѓу Владата на Република Македонија и Друштвото за трговија и услуги СКОПСКИ ЛЕГУРИ МАЈНИНГ ДООЕЛ Скопје, во насловот по зборовите:"општина Дебар" се става запирка и се додаваат зборовите:"општина Центар Жупа".

### Член 2

Во членот 2 став 1 по зборовите:"општина Дебар"се става запирка и се додаваат зборовите:"општина Центар Жупа".

### Член 3

Во членот 4 став 1 по зборовите:"општина Дебар"се става запирка и се додаваат зборовите:"општина Центар Жупа".

**Член 4**

Во членот 5 став 2 по зборовите:"општина Дебар"се става запирка и се додаваат зборовите:"општина Центар Жупа".

**Член 5**

Овој анекс на договор е составен во седум (7) еднообразни примероци, од кои четири (4) примероци за Концедентот и три (3) примероци за Концесионерот.

**Член 6**

Овој анекс на договор влегува во сила со денот на неговото потпишување и е составен дел на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – манган на локалитетот "Стогово", општина Дебарца, општина Кичево, општина Дебар и општина Струга бр. 24-74/29 од 18.06.2013 година, склучен помеѓу Владата на Република Македонија и Друштвото за трговија и услуги СКОПСКИ ЛЕГУРИ МАЈНИНГ ДООЕЛ Скопје.

**Член 7**

Сите останати одредби од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – манган на локалитетот "Стогово", општина Дебарца, општина Кичево, општина Дебар и општина Струга бр. 24-74/29 од 18.06.2013 година, склучен помеѓу Владата на Република Македонија и Друштвото за трговија и услуги СКОПСКИ ЛЕГУРИ МАЈНИНГ ДООЕЛ Скопје, остануваат во сила, непроменети.

| За Концедентот | За Концесионерот |
|---|---|
| ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | Друштво за трговија и услуги |
| МИНИСТЕР ЗА ЕКОНОМИЈА | СКОПСКИ ЛЕГУРИ МАЈНИНГ |
| | ДООЕЛ Скопје |
| Bekim Neziri | Павло Дон |

Изработил:м-р Александра Митреска
Контролирале: м-р Јетон Кучи
м-р Ејуп Љатифи
Согласен: Анета Димовска